

## „Македонија блеска!”

„Пред уште 4 години добиен е датум за преговори со ЕУ”

„Заев ги затвори сите отворени прашања со Бугарија!”

„Не преговараат за идентитетот.”

„Вкупната бројка на заразени од корона нема да надмине над 2000!”

Почитувани,

Ова нормално дека не е вистина. Ова е само мал дел од мега лажните вести на Зоран Заев и СДСМ. Покрај криминалот, лажните вести се главната дејност на Зоран Заев.

Што се однесува до суштината.

Факт број еден, постои пакт помеѓу Зоран Заев и Бојко Борисов чиј производ е ветото кон Македонија. Бугарија го користи ветото за домашна употреба, Заев тоа ќе го користи за да се пазари и да го продава идентитетот.

Факт број два, имаме премиер на држава кој е уценет и има преземено концесии и

обврски кон Бугарија, истите се однесуваат на приватни бизнис интереси.

Факт број три, имаме благодарност кон нашите пријатели Чешка и Словачка и земјите од Вишеградската група  за нивниот допринос во нашата заедничка битка за принципи и вредности. Ја разбираме нивната реакција бидејќи повеќе субјекти, вклучувајќи го и претседателот и премиерот на државата ја коментираа поддршката од овие држави

Факт број 4, ВМРО-ДПМНЕ ги афирмираше нашите позиции и направи повеќе напори за заштита на македонските национални интереси за самобитност и европска интеграција информирајќи на релевантност во оваа сфера.

**Центар за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ**